СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Деведесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 март 2010 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,02 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Трајко Велјаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

Трајко Вељаноски: Продолжуваме со работа по 95-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Бесим Догани, Сулејман Рушити, Соња Мираковска, Али Ахмети, Теута Арифи, Талат Џафери, Ермира Мехмети, Фазли Велиу, Христина Ручева, Катерија Димеска, Лилјана Затуроска, Фијат Џаноски, Флора Кадриу, Абедин Зумбери, Андреј Жерновски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Имер Алиу, Садије Илјази, Мерал Узеири Ферати и Вулнет Амети, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Минуваме на точка 18 - Предлог на закон за здруженија и фондации - прво читање.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и Законодавно правната комисија и на Комисијата за европски прашања како заинтересирано работно тело ви се доставени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави министерот за правда има збор, инаку службите ги повикувам да поделат листи на пријавени пратеници за збор, повелете министре.

Михајло Маневски: Благодарам почитуван претседател, почитувани дами и господа пратеници.

Матичното работно тело Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците на својата седница ја утврди потребата од донесувањето на предлогот на законот за здруженија и фондации, заправо, заклучи Законот, Предлог законот да биде доставен до Собранието-прво читање. Исто така законот беше разгледан и од Законодавно правната комисија а по законот беше спроведена и јавна расправа во рамките на Националниот комитет за евроинтеграции каде што се водеше јавна расправа и во која учествуваа поголем број на лица кои што дадоа определени сугестии и предлози по однос на предлогот на законот. Сакав да ви кажам дека се работи за еден исклучително значаен законски проект, како израз на развојот на демократските процеси во Република Македонија и учеството на невладиниот, односно на граѓанскиот сектор во тие процеси.

Во Република Македонија денес во сила е Законот за здруженија на граѓани и фондации. Тој закон е донесен во 1998 година врз основа на уставните одредби од Устав на Република Македонија.

Со Законот се уредува прашањето за формирање на здруженијата и фондациите, се овозможи развој на невладиниот сектор изразен со формирање на поголем број на здруженија кои остваруваат најразлични интереси и се од најразлични области од општествениот живот. Бројот на постоечките невладини организации во Република Македонија се проценува дека изнесува некаде од 8 до 10 илјади. На овој закон е извршена само една измена во 2007 година и тоа таму по однос на регистрацијата на здруженијата и фондациите. Други измени не се направени. Веќе законот е во примена 12 години со тоа што се оценува дека законот, сегашниот закон за здруженија на граѓани и фондации не ги задоволува современите нормативи и стандарди, поради тоа се пристапи кон подготвување на нов закон за друженија и фондации.

Која е потребата од донесувањето на нов закон? Мислам дека потребата од донесувањето на нов закон за здруженија и фондации произлегува пред се од развојот на демократијата и слободата на изразувањето, согледувањето на практиките и регулативите на европско ниво од областа на правото за слободно здружување како што се Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, одлуки на Судот на човекови права во Стразбур и основните принципи за статусот на невладините организации донесени од страна на Советот на Европа во 2007 година.

Сакав да ве изестам почитувани пратеници дека на овој закон се работи повеќе од две години. Во подготовката на законот учествуваа повеќе органи од организации и невладини организации, како Македонскиот Центар за меѓународна соработка, граѓанската платформа на Македонија, СОРОС како истакнати личности од научната и стручната јавност во Република Македонија, а повремено во изработката во работните групи беа вклучени и меѓународни експерти од областа на невладиното организирање. Оваа работна група одржа повеќе од 20 работни средби на кои што се разгледуваа прашањата од аспектот на уредувањето на нормите од Законот за здруженија и фондации, а исто така, на пет невладини, пет трибини на НВО саеми беа одржани стручни расправи и од тие расправи кои што беа одржани во законот се вградени доста иницијативи, предлози и сугестии кои што се околу уредувањето на прашањата содржани во законот.

Прво, тоа е основна цел на законот. Основната цел на законот е да се обезбеди слободно здружување согласно европските стандарди и практиката и тоа за здружување на граѓаните на Република Македонија, на странците со живеалиште или престојувалиште во Република Македонија, здружување на правните лица и здружување на малолетните лица.

Новина во законот претставува тоа што се формираат организации со статус од јавен интерес кои што сега не се познати во законодавството во Република Македонија, односно тие не се уредени согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации. Тоа се организации пред се кои работаат за општо добро и од јавен интерес а поддршката би ја добивале преку разни форми на давање на погодности како што се царински и даночни олеснувања и слично.

Основната нормативa во Република Македонија е пред Уставот на Република Македонија, потоа на членот 20 од Уставот каде што се уредува дека на граѓаните на Република Македонија им се гарантира слободата на здружувањето. Граѓаните на Република Македонија можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да отстапуваат.

Основа на законот е донесување на стратегија на Владата на Република Македонија за развој на граѓанскиот сектор, а тоа е Стратегија усвоена на 23 јануари 2007 година, со тоа што кон таа Стратегија беше усвоен и Акционен план за спроведување на Стратегијата за развој на невладиниот и на граѓанскиот сектор од 2007 до 2011 година.

Кои се основните цели на Стратегијата? Основните цели на Стратегијата се надградување на правната рамка, учество на граѓанскиот сектор во креирањето на политиките, остварување на меѓународната соработка, вклученост на граѓанскиот сектор во процесот на интеграција во Европска унија, создавање на поволни услови за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор и постојан развој на граѓанскиот сектор. Притоа соодветна основа претставуваше и Државната програма на Државната комисија за спречување на корупцијата.
При подготовката на Законот се користени и компаративните искуства од повеќе држави, од Англија, Бугарија, Хрватска, Чешка, Косово, Германија, Естонија, Украина, Летонија, Албанија, Србија, Полска, Романија, Словачка, Словенија и многу други држави. Значи, Законот се усогласува со законодавството на Европска унија, а тоа е на Советот на Европа, како што се Европската конвенција за заштита на човековите права и човековите слободи, Препораката 2007/14 на Комитетот на министри на земјите членки на Советот на Европа во врска со правниот статус на невладините организации и Конвенцијата за правото на детето на Организацијата на Обединетите Нации.

Законот содржи 110 одредби и има 14 глави, како што се основните начела, здруженијата, фондациите, организационите облици на странските организации, регистрацијата на невладините организации, средствата за работа на невладините организации, статусните промени, престанок и забрана на организациите при вршењето на јавните овластувања, прекршочните одредби и преодните и завршните одредби.

Значи, новина во законот е тоа што сега за прв пат се дефинира во членот 3 значењето на поимите и изразите што се употребни во него, што не беше случај со постојнот Закон за здруженија на граѓани и фондации.

Во Законот се вградени основните начела. Тоа се начелото на независност, начелото на јавност и транспарентност, начелото на непартиско делување, начелото на непрофитност, иницијативи во јавниот живот во кои организациите можат слободно да ги кажуваат и да ги промовираат своите ставови и мислења по прашања од нивен интерес, да поведуваат иницијативи и да учествуваат во градење на јавното мислење.

Значи, согласно Предлогот на законот невладино здружение можат да основаат најмалку пет лица и тоа физички или правни лица, за разлика од сегашниот закон кој овозможуваше здружување само на физички лица, а не овозможуваше здружување на правни лица и на странски организации. Значи, ние сега ги вградуваме највисоките стандарди што се однесуваат во оваа област.

Исто така во законот под одредени услови е предвидено и здружување на малолетни лица да се јават како основачи на здружението.

Со законот е уредено прашањето на основањето на фондациите, начинот на основање на фондациите и нивните права, органи на фондацијата и Статусот и содржината на Статусот на фондацијата.

Исто така во законот се уредени прашањата, како што се организационите облици на странски организации, тоа е новина во законот, основање на организациони форми од страна на странск организации, содржина на актот за основање на организационите форми и странските и физички и правни лица ги имаат, тоа треба да се потенцира, странските физички и правни лица ги имаат истите права како што ги имаат и здруженијата во Република Македонија.

Во законот е уредено подетално прашањето за регистрите и регистрацијата на организациите со тоа што се водат неколку регистри. Тоа е регистар на здружение, тоа е регистар на сојузите, регистар на фондациите, ви благодарам на вниманието, ако може да не ме прекинувате, се извинувам.

(Претседателот ги опоменува пратениците во салата)

Навистина не можам во ваква атмосвера да се концентрирам. Ако немате интерес, добро, добро, се извинувам.

Значи, тоа што е новина во законот би сакал да ја потенцирам, тоа се средствата за работа на организациите кои со законот се уредуваат. И тоа изворите на финансирање на организациите, нивната употреба и одговорностите за нанесената штета за располагањето со тие средства во случај на престанок на организацијата.

Она што е посебна новина и тргнувајќи од Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2009 година, каде што една од препораките е препорака за финансирање на организациите од граѓанското општество.

Во членот 49 од законот е предвидена поддршка на невладините организации од страна на Буџетот на Република Македонија, Буџетот на општините, Буџетот на општините во Скопје и Буџетот на градот Скопје.

Значи, заради обезбедување на транспарентност во работата на организациите, организациите се должни, тоа е новина во законот на својата веб страна, или на друг начин да ги објавуваат годишните извештаи за нивното работење, вклучувајќи ги и финансиските извештаи.

Законот го уредува прашањето за надзор над работата на организациите и начинот на вршењето на надзорот за законитоста во примената на законот.

Со статутот се определува органот кој е одговорен за надзорот за работата на организација и надзорот над законитоста на организацијата кој што изрично е определен во одредбите од законот.

Во Главата 9 законот ги уредува прашањата за статусните промени, што би настанало кога би се присоединиле две здруженија, или кога би се разделиле две здруженија, што би настанало со имотот, какви последици тоа би предизвикало по однос на постоење, или не постоење, регистрирање или пререгистрирање на нова организација.

Во Главата 10 законот го уредува прашањето за престанок и забрана на организацијата. Децидно се наведени условите под кои може да престане една организација, а тоа е ако органот кој ја основал таа организација донесе одлука да престане таа организација. Ако е поминато двојно повеќе време отколку што е потребно, предвидено за одржување на седница на највисокиот орган на здружението, ако две последователни години не е поднесена завршна сметка, она што пред малку го реков во врска со користењето на финансиските средства во согласност со одредбите од законот; ако поминало времето за кое е основана организацијата; ако настапила одредена статусна промена, присоединување или други промени во статусот на организацијата; ако е донесена одлука од надлежен суд, во случај на стечај, или ако е спроведена ликвидација.

Поведување постапка за престанок на дејствувањето и основните принципи за работата на организациите се уредени децидно во одредбите од законот во Глава 10.

Во Главата 11, тоа што е сосема целосна новина во законот, тоа е уредувањето на статусот на организациите од јавен интерес. Во нашиот правен систем за прв пат се воведуваат организации од јавен интерес. Тоа се воведува какопредвидува членот 73 од законот.

За вршење на дејности од јавен интерес, спроведувањето на програми и проекти на државно и локално ниво, самостојно, или во соработка со органите на државната управа и општините, како и користењето на финансиски средства за реализација на активностите, здруженијата и фондациите можат да се стекнат со статус од јавен интерес.

Во членот 74 е предвидено во кои области и дејности може таа широка листа на дејности од јавен интерес за развој на демократијата, развој на граѓанското општество и човековите права, помош за заштита на лица со физички или ментален хендикеп, заштита на деца и младинци, заштита на животната средина и одржлив развој, науката, образованието, хуманитарната и социјалната помош, справување со елементарни непогоди, заштита и грижа на животните и друго, со кое што се остава можност за вклучување на други дејности од јавен интерес определени со овој или друг закон.

Исто така во законот се уредуваат и прашањата што се однесуваат на статусот на организациите од јавен интерес и начинот на кој се стекнува тој статус. Тоа го уредува Комисијата за организации со статус од јавен интерес. Административно, финансиско-техничките и другите работи на Комисијата ги врши Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

Во членот 88 од Предлогот на законот е предвидено дека организации со статус од јавен интерес покрај даночните и царинските олеснувања утврдени во член 7 став 2 од законот имаат дополнителни даночни и царински олеснувања во согласност со закон. Тоа е функцијата што ја остварува овој закон.

На крај мислам дека треба да се обрне внимание и на преодните и завршни одредби кои предвидуваат донесување на подзаконски акти во определен рок. Формирање на телата предвидени со Предлогот на законот и она што е посебно значајно, законот пропишува во рок од една година да се изврши пререгистрација на сите здруженија во Република Македонија, меѓутоа за вршење на тие дејности не е потребно да се плаќаат никакви такси и никакви давачки.

Тоа е почитувани пратеници Предлогот на законот за здруженија и фондации, да го разгледате и да ја утврдите потребата за понатамошно читање на овој законот. Благодарам.

Светлана Јакимовска: Благодарам и јас.

За реплика е пријавена госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

Цветанка Иванова: Процедурално барам збор.

Светлана Јакимовска: Се извинувам, повелете процедурално госпоѓо Иванова.

Цветанка Иванова: Благодарам потпретседателке.

Во име на пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз на Македонија барам пауза до 13,00 часот, затоа што поголем дел од пратениците кои што се јавени за дебата по овој

закон сакаат да учествуваат во работењето и дискусиите на Комитетот за односи меѓу заедниците, каде што се зборува за Проектот Скопје 2014. Благодарам.

Светлана Јакимовска: Благодарам.

Пауза до 13,00 часот.

(Пауза од 12,21 часот)

(По паузата седницата продолжи во 13,08 часот)

Трајко Вељаноски: Продолжуваме со работа.

Следен пријавен за збор и има збор господинот Макрадули Јани, повелете.

Јани Макрадули: Благодарам претседателе.

Господине министер,

Да изразам почит што се единствен министер кој во овие три недели, колку што водиме евиденција, од Владата на ВМРО ДПМНЕ присутен во Собранието и дозволете да отвориме една дебата што мислам дека премногу тангира луѓе во Македонија. Мислам дека е добро на патот на Македонија кон Европската унија да расчистиме некои дилеми што се појавија околу овој закон.

Ќе започнам прво, пратеничката група на СДС, во оваа прва фаза ќе даде подршка на законот со апел дека ќе и дадете и вие парламентарно мнозинство шанса во амандманската расправа при второто читање да ги расчистиме сите оние дилеми и сугестии што дојдоа од сите невладини организации, здруженија и фондации.

Значи, не постои невладина организација, здружение или фондација што не стави резерва во однос на одредени одредби од неколку членови па до максимилистичките да се повлече овој закон.

Ќе почнам од вашиот цитат. Вие се повикавте на Стратегијата на Владата за соработка со граѓанскиот сектор од 2007/2011 година и ве цитирам "во делот на креирање на политиките".

Почитуван министре, тоа во овој закон го нема. И тоа е една од клучните забелешки на невладиниот сектор. Имено во членот 14 не постои одредба каде Што невладините организации, согласно Стратегијата на Владата и вашиот воведен говор ќе креираат политики, ќе учествуваат во донесувањето на законие и ќе бидат вклучени во институционалното одлучување.

Имено, да потсетам, тука имаме два услови што треба да ги исполниме. Едниот е домашната обврска што Владата ја презела со Стратегијата за соработка со граѓанксиот сектор, а второ се европските препораки.

Лисабонската декларација и членот 8.Б.3. е сосема јасен и прецизен. Креирањето на политиките и донесувањето на законите се прави со перманентен дијалог со цивилниот сектор. Вие тоа мора да ги имплементирате во законот.

И втората обрвска тоа Стратегијата и тоа што Владата, заедно Европската делегација во Скопје и цивилниот сектор го имаат потпишано, а тоа се трилатералните консултации, водење преговори во Европската унија, цивилниот сектор е еден од клучните чинители во целиот тој процес. Искуствата во соседните земји покажуваат дека луѓето кои учествуваат во преговарачкиот процес, од кога земјата ќе стане член на Европската унија, природно се приближуваат или трансферираат во Брисел. Цивилниот сектор е тој кој ќе остане како знаење и во продолжување на процесот на имплементација на законите после станувањето на членството. Значи, сте презеле обврска во целиот процес на преговори да го вклучите невладиниот сектор, цивилниот сектор, не може сега со закон да го исклучувате. За жал, добрата намера која што е во законот со јавен интерес се меша со она таканаречено јавно овластување.

Затоа, ние како пратеничка група ја делиме загриженоста во однос на три аспекти. Тоа е регистрацијата на здруженијата и фондациите, оценката што претставува јавен интерес дека се прави од тело кое што е во рамки исклучиво на Владата, за разлика од други искуства во европски земји каде што има независен концепт и оние организации што вршат јавен интерес извештај треба да даваат до Владата. Мислам дека Владата треба да поразмисли за таа работа и да се повлече од овие одредби што во законот значат чекор назад.

И, се разбира, има уште еден чекор назад, а тоа е делот на Конвенцијата за заштита на правата на децата или членот 15 од Конвецијата каде што и под 18 години лица можат да основаат здружение. Со тоа што вие ќе им наметнете 5 нотари, 3 супервизори, 4 родители да бидат дел од тоа и мониторинг, тоа е кочење на процесот на слободно здружување и затоа се сложуваме со тој револт.

Сметам дека транспаретноста мора да ја зајакнете. Значи она што финансиските извештаи им ги барате на невладините организации, треба да си го презмете на себе, односно како Владата дава пари на невладините организации и здруженија. Јас на пратенички прашања зборував за еден случај, сега ќе зборувам за друг случај. Односно нас ни се случи само во последните две месеци, не кажувам повеќе од доаѓањето на ВМРО ДПМНЕ, некаде се 36 новоформирани невладини организации. Само во последниот месец ние видовме дека постои невладина организација формирана од ВМРО ДПМНЕ "Акорд " што го бранеше проектот "Скопје 2014". Имаше невладина организација "Македонида" што ги бранеше јарболите низ Скопје, невладина организација "Деница" што ја бранеше црквата на плоштадот и последно "Евроконцепт" невладина организација што се побуни против одлуките на Уставниот суд.

Ако погледниме за што станува збор, ќе видиме дека е тоа фирма исто на БМРО ДПМНЕ што е финансирана од Агенцијата за млади и спорт, потпишана тука од една наша сегашна колешка, Здружение на граѓани "Евроконцепт" прво вработување. Е тие што се грижат за прво

вработување, а добиле пари од Владата на Република Македонија, сега имаат обврска да се бунат против Уставниот суд. За жал, со доаѓањето на ВМРО ДПМНЕ настана девалвација на здруженијата на граѓани во Република Македонија , настана злоупотреба, настана, настана масовно креирање за било што и настана, се доведовме во една ситуација на апсолутно перење на пари преку тие здруженија на граѓани.

Не постои демократска држава во свет каде што пратеник од парламентарно мнозинство добива за своја фондација пари од Владата. Не постојат здруженија на граѓани што добиваат пари од Владата за да се бунат против одлуките на државните институции во една држава, без разлика каков е вашиот емотивен однос кон, зборувам како Влада, кон Уставниот суд и другите државни институции. На крајот на криштата не постои држава во која што ќе формирате невладина организавција "Отпор" што ќе се буни зошто е некој претседател на една опозициона партија.

Заради сите тие постапки, го доведовте цивилниот сектор во едно безперспективност, го доведовте во едно потценување, го доводовте во една деградација, а самите се повикавте дека вие, со Стратегијата за однос со цивилниот сектор ги сметате како чинители во откривање на политиката.

Се надевам дека амандманската расправа ќе ги реши оние одредби што значат враќање назад, а постоеја со претходниот закон. Ќе ја надмине оваа или ќе ја имплементира, она што и вие го кажавте дека невалдините организации учествуваат во креирањето на политиката и донесувањето на законите.

Цивилниот сектор е потебен на една држава. Дека во овој црно-бел свет, окупиран од двете најкруони политички партии, цивилниот сектор нуди и попрагматични предлози, порационални предлози сето тоа во интерес на граѓаните на Република Македонија. И затоа се надевам дека ќе ги расчистиме овие дилеми, дека цивилниот сектор ќе си го најде своето место и дека Македонија ќе може да се пофали дека донела закон што е во согласност со Лисабонската декларација што е во сила од декември 2009 година.

Европската унија има еден план за Македонија, што се вика план Д, тоа е демократија - дебата-дијалог. Европска Комисија дава пари за трилатералниот договор помеѓу Владата, цивилниот сектор и Делегацијата на Европска Комисија. Сметам дека нема никој право, прво да се откаже од тие пари, туку, уште повеќе да притиска за да може да создаде еден амбиент во кој што гласот на народот нема да биде само ехо што ќе се одбива од владините институции, туку ќе биде навистина содржина што ќе се имплементира во законите во Република Македонија. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Има збор госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

Лилјана Поповска: Почитуван господине претседателе, почитуван господине министре, почитувани колеги пратеници,

Пред нас имаме закон што е резултат на долгогодишни заложби на невладиниот сектор за надградба и подобрување на старата верзија на законот.

Овој закон е во многу нешта подобрен и прифатени се редица барања и долгододишни заложби на невладините организации. Тука пред се мислам на вклучување на невладините организации за извршување на дел од дејностите и активностите од јавен интерес. Понатаму мислам на овозможување на странски субјекти да регистрираат невладините организации и мислам на овозможување на правни субјекти да формираат невладини организации. Сите овеи три, многу важни работи, не постоеја во претходната веризија на законот, а сега се овозможени. Тие претставуваа пречка за функционарање на разни субјекти и пречка за давање поголемо значење на невладините организации и поголеми вклучување во активностите од јавен интерес.

И затоа, јас лично апсолутно ќе го подржам овој закон, затоа што е далеку, далеку подобар од претходниот што го имавме. Има одредени забелешки, точно е, од невладините организации, меѓутоа тие забелешки не се ненадминливи и не го менуваат карактерот на законот во основа.

Јас, исто така мислам дека со неколку амандмани законот може уште дополнително да се подобри што ќе му даде дополнителна вредност во насока на учество невладините организации во креирањето на политиките и создавањето на поголема свесност за некои проблеми во општеството. Тоа е впрочем и дел од улогата на невладините организации, значи подршка на законот, со тоа што сугестија до министерот да ги послуша забелешките од невладините организации и оние кои навистина имаат силни аргументи, да ги прифати. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Има збор господинот Јован Лазаров, повелете.

Јован Лазаров:Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Како што нагласи министерот и пратениците кои зборуваа пред мене, имаме Предлог на еден закон, многу значаен закон за нашето општество, Законот за адруженијата на граѓани и фондции. Овој закон прв пат е донесен 1998 година. За волја на вистината и тогш бев претеник, овој закон е еден од ретките закони што во овие 12 години не претрпе ни една суштинска измена. Имало една измена, само заради усогласување со Законот за прекршоци и за едношалтерџкиот сестем. Мислам дека е добро што Министерството и Владата се одлучиле да дадат една целина како нов закон, отколку д оделе со измени што би го искомпликувало понатаму неговото користење. Сметам дека имаме еден

квалитетен предлог што ше наиде на подешка и од позицијата и од опозицијата.

Овде има неколку новини во овој закон што некои би сакал да ги истакнам. Една од тие е одлуување без присуство. Тоа се воведува како новина во Република Македонија . Во светот се практикува така се воведува конференциска врска, било да е преку интернет или преку телефон и сите присутни го слушаат гласот на овој кој е отсутен и така се олеснува на работата на невладините организации.

Со постојниот Закон беше забрането здруженаијата на граѓани да се баваат со економски активности. Овде тоа е дозволено, но јасно е ставено во законот дека средствата што ќе бидат собрани од тие економски активности ќе можат да се користат исклучиво за целите на здруженијата на граѓани, што е дефинирано во статутот на здружението.

Се воведува организации од јавен интерес што ќе бидат оценувани од посебна комисија. Огранизациите од јавен интерес претпоставувам ќе имаат предност при апликација за финансирање.

Во законот е дефинирана транспареноста. Беше спомнато дека треба да се зголеми транспаретностањ. Јас мислам дека е добро што секоја невладина организација ќе мора да има своја веб страна и таму ќе мора да ги објавува финансиските извештаи за секоја година. Со тоа секој граѓанин ќе може да види секоја организација како ги трошела средствата што го добила било од донации, буџет или економски активности.

Со законот, јасно е дефинирано дека политичките партии не смеат финансирани од здруженија награѓани.

Новина е и при основањето, до сега здруженија на граѓани можеле да основаат само физички лица, сега можат и правни лица да учествуваат во финансирањето. Бројот на основачи е задржан како и до сега, 5, мислам дека е добра таа бројка, прикладна. Но, овде е новина, во стариот Закон беше мнозинството да бидат граѓани на Република Македонија. Сега, овде е мнозинството да имаат живеалиште во Република Македонија, што значи променето, дека можат и странци рамноправно да основаат здруженија на граѓани во Република Македонија.

Фондациите, се разбира, може да ги основа и едно лице кое сака да прави фондација за одредена намена.

Новина е и дека малолетни лица, со наполнети 15 години можат да основаат здруженија на граѓани, се разбира за областа што е интересна и значајна за нив.

Јас имам некои ситни забелешки што можеби ќе ги дадам и со амандмани. Да ги напомнам овде.

Застапникот на здруженијата на граѓани, овде вели, името треба да биде запишано во статутот. Од практична гледна точка мислам дека не е добро со секоја измена на застапникот или претседателот на здружението на граѓани да се менува и статутор. Тоа се прави на конферција на собрание, потоа записникот од собранието се доставува до Централниот регистер и се менува неговото име. Тоа функционираше и до сега и немало никаков проблем со функционарањето на овој дел од стариот Закон.

Уште една работа, застапникот треба да оди сега да даде изјава пред нотар дека здружението на граѓани ќе работи согласно законот. Мислам дека нема потреба да оди на нотар, да им правиме работа на нотарите, поле за остварување финансиски средства, туку е доволно лицето застапник да даде изјава што ќе ја поднесе во Централниот регистар.

Да потсетам и сега, при поднесувањето на завршните сметки, претседателите и застапниците даваат изјава дека тие се застапници. Таа изјава и сега не се заверува кај нотар.

Уште една измена, вонредна конфернција или вонредно собрание на здруженијата на граѓани до сега можеа да свикаат една петина од членките. Сега е променето, една третина. Една третина беше до 1998 година, тоа се олесни да биде до една петина. За мали организации со десетина членови не е толку значајно дали ќе биде една третина или една петина, дали двајца или тројца ќе можат да свикаат вонредно собрание, на пример на десетчлена организација. Меѓутоа за големи организации кои имаат 80 или 100 членови и повеќе, таму е веќе проблематично да се собираат потписи и печати за од една третина на членките.

Затоа, мислам дека е добро да остане една петина, бидејќи досегашното искуство покажува дека немало проблеми во таа насока.

На крај се кажува дека сите постојни организации ќе мора да ги усогласат своите акти во рок од една година и да извршат пререгистрација, се разбира бесплатно.тоа мислам дека е добро едноставно да се види кои организации живеат, кои организации не живеат, но треба да се направи добра информација да се известат сите членки, се разбира преку средствата за информирање не поединечно. Ете, јас имав толку и ќе се обидам преку амандмани да интервенирам во овој закон. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Има реплика господинот Макрадули Јани, повелете.

Јани Макрадули: Благодарам претседателе.

Јас ќе реплицирам во делот на јавниот интерес.Добрата намера на Владата врз база на барањето на здруженијата и фондациите да се отвори јавниот интерес. Мислам дека не е добро имплементирана во Закнот и затоа се надевам со амандмани тоа ќе се расчисти.

Прво, мислам дека тоа е клучно, зошто ако има јавен интерес некоја организација таа треба да доставува извештај до Владата. Потоа, Владата тој извештај да го усвојува. Јас се надевам дека Владата ќе најде време од овие лопати сите секојден што се на терен, замислете по колку време ќе стигне за 100 да речеме невладини

организации со јавен интерес да им го помине извештајот.

Второ, јавниот интерес или доделувањето статус на организација од јавен интерес е непрецизно и остава простор за дискрециона одлука на владиниот тим, бидејќи во одлуката учествува генералниот секретар и претставници на министрствата. Имено, по критериумите за тоа една организација или фондација се здовие со статус, мислам дека тоа ќе направи во процесот на одлучување многу дискрециони одлуки, пишува: Има простор за работи и кадровски капацитет". Кој ќе го одлучи тоа? Има потребна организациска структура. Ако тоа не е дефинирано остава простор тимот на министри и на владини претставници да си напрват свој избор, како што до сега во овие 4 години се случувало или Еко култура или Евроконцепт ќе добијат јавни овластувања, ама оние што не им мирисаат на човек што е член на ВМРО ДПМНЕ, тој нема да добие такво нешто.

Третата работа, во однос на транспарентноста, невладините организации и здруженија, оние подобрите и сега си го објавуваат изввештајот за парите како ги трошат на веб страници и бидете сигурни дека тие се поотчетни кон донорите, бидејќи таму нема импровизации, а пролем е што во овој закон нема одредба Владата парите што ги дава на партиските членови на ВМРО ДПМНЕ невладини организации да го објави тоа на владината веб страница и ако има транспарентност да ни го достави тој изештај овде во Собранието. Кои невладини организации добиваат пари од Владата, тоа е права мистерија. Хектор Поаро не може да открие кои се тоа. Потоа, ќе пушти некој допис член од ВМРО ДПМНЕ од струга и ќе рече оваа и оваа организација доби, ќе пушти Евроконцепт дека добило пари. Зошто? Затоа што тие се членови на ВМРО ДПМНЕ. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Господинот Лазарев Јован има контра реплика, повелете.

Јован Лазарев: Благодарам претседателе.

Репликата беше всушност продолжување на дискусијата на господинот Макрадули по однос на законот и не видов дека нешто мене лично ми се обрати и од тоа јас немам ништо да додадам. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Госпоѓа Шекеринска Радмила има збор, повелете.

Радмила Шекеринска: Благодарам претседателе.

Колеги пратеници, мислам дека денеска дискутираме за закон кој сите би сакале консензуално да го поддржиме, заради тоа што се согласуваме дека постои потреба од носење на ваков закон. Меѓутоа, мислам дека со неколку одредби во Законот можеме со еден потег да ги елиминираме сите добри страни на нносењето на законот и затоа јас се надевам дека некои барем од забелешките во оваа дискусија и во многуте јавни расправи кои се спроведуваа во Република Македонија министерот и Владата сепак нешто ќе прифатат.

Јас сакав да споменам неколку проблематични точки во Законот, ќе се трудам да се концентрирам само на тие најголемите, бидејќи во втората фаза ќе дискутираме за други деталји. Ќе почнам таму каде што заврши претходната дискусија, реплика, и контра реплика. Тоа е дека целата оваа област на доделување на јавни овластувања и доделување на статус на организации од јавен интерес според законот ќе се спроведува нетранспарентно, ќе има огромна моќ Владата во тоа да влијае и притоа вистинските интереси на граѓанскиот сектор и на граѓаните нема да бидат запазени. Зошто го велам тоа? За да стане една организација да го добие статусот на организација од јавен интерес ќе треба да чукне, како и сите граѓани во Република Македонија, на портите на Владата и да бара милост од Комисија која што исклучиво е формирана од страна на претставници на главните министерства. Притоа, ако ги анализирате тука има претставник од Министерството за финансии, од Министерството за образование и наука, од Агенцијата за млади и спорт, Министерство за култура, токму министерства кои сега даваат пари на невладините организации и за жал се подеднакво нетраспарентни како Владата. Сега, таа своја нетранспарентност сега ќе ја пренесат во Комисијата за доделување на статус на организации од јавен интерес. Прво, здружението или фондацијата ќе треба да побара да им се додели ваков статус и притоа нема ниту еден аргумент, ниту еден критериум врз база на кој ќе кажеме дека објективно ќе се одлучува. Имено, ако ги погледнете дејнсотите од јавен интерес, мислам дека горе-доле огромен број се покриени. Меѓутоа, на пример теми од типот членство во НАТО и Европска унија ние сметаме дека не е дејност од јавен интерес. Има уште неколку такви. Ова на прв поглед ни падна на збор. Во вториот веќе член велиме за да се здобие со статус на организација од јавен интерес ќе треба да работи за интересите на заедницата, тоа сите ќе тврдат дека работат за таков интерес, дека има потребна организациска структура, пропишете ја тогаш каква е, а не потребно, што значи тоа потребно организациска структура и да има простор за работа и кадровски капацитет. Колкав е тој простор и колкави се тие кадровски капацитети? Или партијата и Владата ко ја вели дека работи против економската олигархија, сега ќе создава невладина олигархија. Па, само организации кои што веќе имаат добар имот и кои што веќе имаат доста средства ќе може да добијат и статус. Мислам дека тоа е нелојална конкуренција. Нашата политика како држава мора да биде, без разлика колку е мала или голема една организација, доколку врши добро работа таа треба да има шанса да го добие овој статус. Особено, бидејќи статусот не значи дека ќе добие пари, туку само дека е дел од една важна граѓанска популација.

Главниот проблем тука е Комисијата, заради тоа што Македонија ќе биде една од ретките држави во оваа табела можам да ја видам само Бугарија, кај која што Министерството или владина институција е таа која што одлучува за доделување статус. Имате ситуации каде што има сосема независни комисии, каде што имате на пример државни тела во соработка со независни комисии, каде што судовите одлучуваат и дури и даночните институции. Барем само врз основа на парите ја носат таа одлука. Меѓутоа, не, Македонија оди на најригидното решение, а тоа е Владата која и дава пари да одлучува и за статусот на невладините организации. Мислам дека е тоа враќање чекор назад од сите оние цели кои што беа претходно споменати.

Дополнително апсолутно мислам дека е неприфалтиво невладините организации да испраќаат, замислете, извештаи до Владата на Република Македонија. Владата на Република Македонија меѓувреме да не го сменивме Уставот, да не стана семоќна, се во неа да се одлучува и невладинит сектор на неа да и реферира. Судовите на нејзе да и реферираат, медумите на нејзе да и реферираат, а за пратениците да не правам муабет. Еве што пишува препораката на Комитетот на министри и вели вака:"невлдините организации кои што добиле финансиска помош било да е од државата или од локалните власти можат да бидат обврзани секоја година да поднесуваат извештаи до оние кои што им ги дале парите. Само оние кои што добиле пари, а не сите. Во ред е, ако државата на некој начин дава финансиски средства на невладините организации да бара обврска е тоа, да бара отчет, ама сега ние да бараме отчет од оние на кои не сме им дале пари, мислам дека е тоа обид Владата и големиот брат да добие многу уши и многу хартии за читање. Не знам после што ќе им прави. Колку што се сеќавам според Советот на Европа имаме право сеуште во Република Македонија на слобода на здружување. Сите кои мислат поинаку мислам дека треба да не информираат. Следниот проблем кој што го отвора овој закон и патем речено неколку пати беше спомнато дури и во јавната расправа дека со ваквиот тип на централизирање на одлуката за јавен статус, за можно политичко влијание и за барање на извештаи се создава буквално еден нездрав однос на зависност помеѓу Владата и граѓанскиот сектор. И, тој нема да биде добар за никого.

Следниот проблем кој што сакам да го спомнам е прашањето на средства од буџетите. Мислам дека е во ред тоа што се предвидува дека пари може да дава и Владата и општините и надлежните институции и добро е што во членот 49 стои дека сите овие списоци треба да се објавуваат на веб страни. Мене ми е навистина необјасниво како истата Влада на истава седница ни предложи еден закон во кој што извештаите од новиот ревизор европски нема да ги објавуваме на веб страните, а ќе ги објавуваме списоците на овие кои што земале пари. За мене тоа е неконзистентност, ништо повеќе. Ова мислам дека е добро решение и ако сме коректни тоа ќе треба да го пренесеме и во другиот закон.

Следниот проблем што сакам да го спомнам се однесува на фондациите кои што во Република Македонија се многу, многу слабо развиени, каде што еден од сопствениците на фондацијата по негова смрт според законот правото на наследување не се однесува на фондацијата. Мислам дека ова ќе биде тесно грло и ќе ги спречува овие кои што можат да си го дозволат да формираат фондации. Наместо да ги стимулираме како во цел развиен свет, да ги тераме такви фондации да стимулираат, да финансираат универзитети, да финансираат дури и истражувачка дејност, да финансираат стипендии, заејќи дека утре семејството ќе продолжи со таа пракса, ние им велиме дека ако денеска формираат фондација, дадат пари, се искористат парите, утре во случај на недај Боже на смрт нема да имам право неговото семејство понатаму да го продолжи. мислам дека ова ќе биде дополнителна причина зошто во Македонија нема да се создаваат такви фондации по урнек на американските и на европските.

Третото прашање е прашањето на непартиско делување. Имено, тука стои дека организациите не смеат да влијаат на изборите. Ова прашање беше дискутирано од страна на многу невладини организации, што е тоа влијајние на изборите. Дали ова значи дека, на пример, институтот за демократија кој објавува не знам колку анкети годишно дека сега веќе нема да може да биде регистриран како невладина организација. По мене тоа е неразумно.

И, прашањето кое неколку пати беше покренато, тоа е што се случува во моментов со влијанието на граѓанскиот сектор врз политиките на Владата. Според извештајот на Европската комисија состојбата во Македонија е лоша. И, вели вака:"Владата само делумно ги почитуваше постоечките механизми за консултација и не успеа да влезе во значаен дијалог со цивилното општество". Истото го кажува и извештајот на Македонскиот центар за меѓународна соработка. И покрај неколкуте позитивни примери нема централно воспоставен систем на вклучување на граѓанските организации во процесите на креирање на политиката. Без тие и законот ќе ни падне во вода и се друго ќе се доведе во прашање.

На крајот само уште еден детал, членот 9 зборот Македонија и зборовите изведени од него можат да се содржат во името на организацијата само со одобрение на Министерството за правда. Јас се прашувам дали е паметно на некому да му даваме тапија за името, и онака Министерството за правда има влијание, сега и преку Комисијата и мислам дека пренесување на овие права и понатаму може да биде само контрапродуктивно. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Има реплика господинот Спасеноски Александар.

Александар Спасеноски: Благодарам претседателе.

Внимателно ја следев дискусијата на колешката Шекеринска и на другите колеги пратеници од опозициските партии, се разбира и дел од владеачките, па мислам дека на почетокот може да го поделиме впечатокот дека станува збор за исклучително корисен закон кој што во најголема мера одредбите кои што се поместени во него претставуваат чекор напред во однос на гарантираната слобода на здружување на граѓаните. Во таа смисла сметам дека овој закон треба да се поздрави. Се разбира со дел од забелешките на којшто упати колешката Шекеринска би се согласил, но исто така дозволете да не се согласам со дел од нив, особено во однос на искажувањата за наводните негативни аспекти кои што ги носи законот во однос на регулирањето на организациите од јавен интерес кои што би биле доделени како статус како невладини организации. Сметам дека пред да се укаже на тој факт треба да се земе предвид дека овој закон претставува во најголема мера усогласување со меѓународните документи од оваа област, особено со универзалната декларација на Обединетите нации. Како и со декларациите и документите на меѓународните регионални организации. Исто така доколку го споредиме овој закон со сличните закони кои што ги носат европските држави, особено во делот на доделувањето на статус на организации од јавен интерес ќе видиме дека Република Македонија со овие решенија претставува еден чекор понапред во однос на останатите држави. Така на пример, доколку го споредиме решението кое што го воведоа во Република Македонија ќе видиме дека тоа е безмалку идентично со начинот на кој што им се доделува статусот организација од јавен интерес. Да речеме, Естонија која што е држава членка на Европска унија, исто така доколку го споредиме ова решение со законските решенија на останатите балкански држави ќе видиме дека во своите закони со кои се регулираат правата, обврските и надлежностите на невладините организации, воопшто ова го немаат предвидено. Од таму, сметам дека начинот на кој што се регулира во законот доделувањето на статусот организација од јавен интерес е добро поставено, треба да дозволиме да видиме праксата како тоа ќе го регулира. Сметам дека намалувањето на критериумите во однос на стекнувањето на статус организација од јавен интерес на овој Предлог закон по однос на минатата легислатива исто така претставува поволно решение што упатува на заклучокот дека вака поставената легислатива претставува добра стартна основа да видиме како таа во реалноста ќе се остварува. Од таму во однос на забелешките кои што беа истакнати во однос на овој дел од законот сметам дека истите во одредена мера се предимензионирани. Законот за сам по себе, и со тоа ќе завршам, сметам дека претставува исклучително поволно решение, а тоа овозможува поволна стартна позиција во насока на целосно остварување на уставното начело за гарантирање на слободата на здружување на граѓаните во Република Македонија. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Госпоѓа Шекеринска Радмила, има контра реплика.

Радмила Шекеринска: Се согласивме дека овој закон треба да биде прилагодување на нашата материја законска со европските практи. Еве една од тие, препораките на Советот на министри. Вели вака:"Тие невладини организации на кои што им се дадени државни пари треба да испраќаат извештаи за тоа како ги потрошиле, не другите". Тоа во овој закон не е почитувано. Еве што вели подолу: "Невладините организации треба да бидат консултирани за време на подготовката на примарното и секундарното законодавство кое што е важно за доменот во кој што делуваат", Тоа во овој закон не е почитувано.

Трето и најважно Естонија, бидејќи ја спомнавте има државно тело во соработка со независна комисија. Полска го има истото, Литванија итн. Дајте да го употребиме, на пример, искуството со еко-социјалнот совет. Значи, имате претставници на Владата, меѓутоа имате претставници и на граѓанскиот сектор кој што на некој начин треба само регулација да обезбедат и транспарентност. Ако имаме таков обид мислам дека законот ќе биде многу поквалитетен.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Има збор госпоѓа Гелова Стојанова Соња, повелете.

Соња Гелова Стојанова: Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги, потребата од донесување на нов закон за здруженија и фондации произлезе од практиката и регулативите кои што важат во Европска унија од областа на правото на слободното здружување. Оваа предметна материја на европско ниво е регулирана со Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи. Одлуките на судот за човекови права и на европскиот суд на правдата, како и препораките од Советот на Европа во врска со правниот статут на невладините организации во Европа. Слободата на здружување во Република Македонија претставува уставно загарантирана категорија како дел од граѓанските и политичките слободи и права. Според член 20 од Уставот на Република Македонија на граѓаните им се гарантира слобода на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања.

Граѓаните можат слободно да основаат здруженија, на граѓани и политички партии да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат.

Програмите и дејствувањето на здруженија на граѓани и политички партии не можат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот

поредок на Република Македонија и кон поттикнување или повикување на воена агресија, или разгорување на национална расна или верска омраза или нетрпеливост.

Забранети се воени или полувоени здруженија кои не им припаѓаат на вооружените сили на Република Македонија.

Имајки ја предвид улогата на граѓанскиот сектор во демократското општество Владата на Република Македонија има донесено Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор за период 2007 до 2011 година, со која се предвидува значајно зајакнување на улогата на граѓанскиот сектор во севкупното општество.

Во Извештајот на Европската унија за напредокот на Република Македонија за 2009 година во однос на слободата на собирање и здружување стои дека севкупната ситуација е задоволителна, а исто така вклученоста на организациите од граѓанското општество во криеирањето на политиките и во изработката на нацрт законите има постигнато умерен напредок.

Според Извештајот на Владата, Владата воведе механизми за консултации со организациите во граѓанското општество. Со нова владина одлука се подобрени постапките за избор и критериумите за оценување за јавно финансирање на организациите од граѓанското општество и со тоа е направен еден развој во нагорна линија.

Воведена е и матрица за еволуација односно систем на бодирање, како и обврска да се информриаат сите баратели за резултатите, меѓуто анапредокот во однос на спроведувањето на стратегијата и на акцискиот план на Валдата за соработка со организациите од граѓанското општество е забавен. Организациите од граѓанското општество остануваат мошне зависни од странското финансирање. Недостигот на на недоволно финансиски средства и натаму претставува сериозно оганичување.

Токму во однос на ова ограничување со Предлогот на законот за здруженија и фондации се предлагаат измени со кои ќе се зајакне економскиот капацитет на невладиниот сектор.

Предложениот закон предвидува здруженијата и фондациите директно да се занимаваат со економски активности. Тоа е за вршење дејности со кои можат да стекнат добивка без да основаат трговско друштво. При тоа условот е добивката остварена со работењето на организациите да мора да биде употребена за остварување на целите утврденис ос татуот.т.е. да биде употребена за финансирање на работата на организацијата, исклучувајки ја можноста

остварената добивка да може да се распределува помеѓу основачите, членовите, членовите на органите, директорите, вработените или било кое друго лице поврзано со нив.

Исто така со предложените решениај за стекнување на овие организации со статут на организација од јавен интерес ќе се овозможи истите да добијат поволности и поддршка од државата.

Предлогот на законот исто така има намера да придонесе кон доброто управување во организациите определувајки ги основните органи кои треба да ги имаат здруженијата и фондациите и давањето можност истите со нивните статути да предвидат други органи. Тоа е ставено во членовите 24, 25, 26, 30, 33, 34 и 36. Законот јасно наведува на поделбата на функците во организацијата во управни и извршни и на неспојивоста на овие функции особено при организациите со статут од јавен интерес, членови 77 и 78.

Кон транспарентноста Законот овозможува зголемена транспарентност. Тоа значи дека голем дел од одредбите имаат за цел да придонесат кон зголемена транспарентност и на организациите и на органите на државната управа. Во таа насока начелото за јавност и транспарентност на работата на организациите е утврдено во член 11, како и начелото на непартиско делување член 13, со што се појаснува дека не може да се nasира политичка партија од страна на здружение и фондации и не може да се влијае на избори во смисла на учество на организациите во избори и изборна кампања и за одредена политичка партија или директно и индиректно финансирање на изборна кампања на политичка партија.

Со предлогот од член 39 се уредуваат средствата од буџетите и е воведен став за уредување на условите за објавување на корисниците на интернет страница што значи уште поголема транспарентнсот. Тоа ќе претставува основа за воспоставување на обврзувачки документ за финансирање на граѓанските организации од страна на државата.

Согласно член 73 предвидено е ако се вршат дејнсоти од јавен интерес спроведувањето на програми и проекти на централно или локално ниво самостојно или во соработка со органите на државната урпава или органите на општините, општините во Градот Скопеј, како и користење на финансискис редства за реализација на активностите, организациите можат да се стекнат со статус од јавен интерес.

Во член 74 се предвидуваат дејностите од јавен интерес, а се остава можност и за предвидување на друга дејност од јавен интерес која е определена со овој или со друг закон.

Со Предлог законот за здруженија и фондации се предвидув Здружението или фондацијата да поднесува барање за добивање статус на оерганизација од јавен интерес до Комисијата за организации со статус од јавен интерес.

Статусот на организациите од јавен интерес го определува Владата на Република Македонија по предлог на Комисијата за организации со статус за јавен интерес по спроведување на постапката за доделување статус на јавен интерес. Против решението на Владата може да се поведе управен спор до Управниот суд.

Исто така Здружението или фондацијата со статус од јавен интерес чиј годишен Буџет е над 10 илајди евра во денарска противвреднсот според средниот курс на Народна банка на Република Македонија должни се да извршат незаконска годишна ревизија на своето финансиско работење, а ако имаат Буџет над 100 илјади евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка должни се да извршат ревизија во согласност со меѓуанродните сметководствени стандарди еднаш годишно.

Извештаите се јавни и се објавуваат на веб страницата на организацијата со статус од јавен интерес до 31 март во тековната година за претходната година.

Со донесувањето на овој нов закон за Здружение или фондации ќе се обезбеди надградба на правната рамка за граѓанскит организации и пофлексибилни услови за нивно основање и функционирање воопшто.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Има збор госпоѓа Славица Грковска Лошкова, повелте.

Славица Грковска Лошкова: Благодарам претсеадтеле.

Колешки и колеги пратеници, почитуван министре, претходнтие дискутанти во глобала зборуваа и за предностите и за недостатоците на ова законско решение, но јас би сакала на почеток да ја кажам мојата генерална констатација.

Тоа е дека со одделни решенија на овој закон Владата се обидува да ги стави здруженијата на граѓани и фондации под контрола, под нејзина директна контрола.

Ако мислат дека овој процес на контролирање од страна на Владата на се можно во Република Македонија и на независни агенции и на Собранието на Република Македонија заврши после предвремените парламентарни избори кога дефакто ја презема контролата и врз Собранието се покажа дека со ова законско решение сум се излажала, процесот не завршил, туку напротив продолжува и во оние сегменти каде што Владата до сега барем делумно ја имаше контролата преку формирање на свои невладини организации. Никако поинаку не може да се протолкуваат решенијата кои што во делот на стекнување на статус на организации од јавен интерес, каде што Комисијата која што треба тоа да го одлучи е дефакто тело на Владата. Тоа е лошо законско решение, затоа што ако одиме во насока на создавање и на креирање на мрежа на граѓански здруженија и фондации на граѓански сектор кој што реално треба да има влијание врз креирањето на политиките, а не само во давањето на предлози, тогаш имаме директен упад од страна на Владата врз граѓанскиот сектор и на тој начин се анулира влијанието и улогата на граѓанскиот сектор во Република Македонија.

Има непрецизни критериуми за стекнување на статус на организации од јавен интерес кои што дополнително ги подгреваат сомнежите дека ваквите членови се дадени тенденциозно со цел да може преку непрецизни критериуми да се врши избор од страна на Владата кои се оние организации со статус на организации од јавен интерс, а кои не. И ако ги прочитате ќе видите дека се многу лесни за манипулација.

Господинот Макрадули ги кажа, едно е потребата од потребна организациска структура без да биде прецизно и јасно наведено која е и каква треба да биде и критериумот кој вели дека треба да има простор за работа и кадровски капацитет. Ниту каков простор, ниту колакв, ниту какви кадровски капацитети и од каков карактер.

Се разбира дека едно од клучните рпашања кое што директно ќе има влијание врз тоа каков граѓански сектор ќе имаме во Република Македонија е фианнсиската независност на граѓанските здруженија и фондации. Меѓутоа за жал, во овој закон не постои некаква директна солуција која што ќе може да им овозможи на граѓанските здруженија фианнсиска независност и на тој начин да имаме непристрасен невладин сектор, граѓански сектор кој што директно ќе влијае на креирање на политиките.

Тоа е она што од граѓанскиот сектор и фондациите се очекува. Да има директно влијание на креирањето на политиките, меѓутоа кое ќе биде растеретено од партиска пристрасност, од политички убедувања, туку напротив ќе биде коректор на политиката која што во даден момент се промовира.

Затоа сметам дека во име на вистинската улога на граѓанскиот сектор во име на тоа што секоај европска демократска држава би сакала да го обезбеди за влијание на граѓанскиот сектор треба да се направат обиди да се поправат овие членови за да не бидеме дополнително обвинети дека во Република Македонија законски со законски решенија се гуши демократскиот капацитет и директното, реалното влијание на граѓанскиот сектор во Република Македонија. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам и јас.

Јас тука ја прекинувам седница и продолжуваме со работа во 15,00 часот.

(Седницата прекина со работ аво 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,10 часот)

Трајко Вељаноски: Продолжуваме со работа.

Следен пријавен за збор и има збор пратеникот Диневски Менде, повелете.

Менде Диневски: Благодарам претседателе.

Предлог законот кој го имаме денес се однесува на здруженијата и фондациите, со оглед на важноста на граѓанскиот сектор за развојот на демократските вредности на едно општество тој е од особено значење за функционирањето на истиот и креира една либерална и конзистентна правна рамка на правото на слободно здружување, кое е загарантирано со членот 20 од Уставот на Република Македонија. При тоа, имајќи ги предвид забелешките кои ќе ги

дадеме, се надевам дека министерот за правда при второто читање во однос на амандманите дел од нив ќе бидат прифатени, се со една единствена цел Предлог законот да биде подобар од тој кој што го имавме до сега, впрочем, тоа беше и намерата на предлагачот да предложи еден сосема нов закон.

Она што на почетокот сакам да го кажам, тоа е општиот впечаток за конкретниот текст на законот. Иако основната цел е да обезбеди полиберално слободно здружување, согласно европските практики, што впрочем е наведено во целите, начелата и основното решение на законот, овој текст при конкретното уредување на прашањата од областа на остварувањето на правото за здружување се среќаваат одредби во кои ваквата либерализација не може да се почувствува во пракса, односно одредени членови во самиот Предлог на закон се поограничувачки во однос на решението кое го имаме во претходниот закон за здруженија на граѓани и фондации.

Од тие причини, сметам дека на Законот треба да се сконцентрираме на три сегменти, а тоа се: Статусот на јавен интерес како институт кој до сега не постоеше во правниот систем на Република Македонија, впрочем кој предизвика и најголемо внимание во дебатата кај пратениците, вклучително и во јавната расправа која се одржуваше токму по донесувањето на ваквиот закон, како и можностите на граѓанските организации да учествуваат во јавниот живот и во креирањето на политиките и прописите. И третата работа е усложнувањето на организационата структура на здруженија и фондации, како и извесен број на прашања од значење на ефикасно користење на правото на здружување.

Ќе се задржам само на еден сегмент, а тоа е статусот на јавен интерес. Статусот на организирање од јавен интерес треба да води навистина кон унапредување на работата од областите важни за севкупното општество, вклучително и дејностите од јавен карактер, а организациите треба навистина да имаат повисоки стандарди за управување, да добијат поголеми објаснувања и поволности од страна на државата. Како таков чекор, овој статус сигурно е прв од чекорите кои треба да следат понатаму, но со други промени на одредени закони, како што е Законот за донации и спонзорства, меѓутоа, и во законите кои се однесуваат на фискалната политика и прашања.

Она што сметам дека навистина тука е напомнато, а тоа е дека границата иако е подигната за да се стекне со статуст на јавен карактер едно здружение или една фондација треба да има во буџетот 1500 евра на годишно ниво и нема ограничување за периодот на делување, што дава можност навистина и помалите организации да можат да се стекнат со ова право. Но впечатокот дека Владата ќе одлучува наместо комисијата за статусот на организацијата од јавен карактер и дека таа ќе ја дава дозволата, што навистина претставува новина за сите, меѓутоа, тоа претставуваше и новина за сите, но тоа претставуваше новина вклучително и за здруженијата на граѓани, бидејќи навистина ако сакаме на повисоко ниво да ја ставиме Комисијата во своето работење, навистина треба да ја добијат и шансата тие да го даваат тој статус.

При јавната расправа беа кажани повеќе примери, меѓу кои дека вакво слично решение има во Естонија, меѓутоа, навистина општата констатација на сите, за што сметам дека во второто читање ќе се согласи и министерот за правда, а тоа е дека навистина треба да се зајакне позицијата на Комисијата, впрочем, и од административни причини, заради административното оптоварување и заради зголемената транспарентност.

Она што сакам подробно или првенствено да го посочам, тоа е дека со одлучувањето во рамките на Владата на Република Македонија за тоа дека секоја организација која ќе поднесе барање да добие ваков статус, во голема мера навистина ќе го забави процесот на одлучување и доделување на статусот, особено на тоа што во Предлогот на законот може да се види дека учествуваат тука и три тела, односно органи при ваквиот процес. Со Предлогот на законот е предвидено организационата единица за соработка со граѓанските организации во Генералниот секретаријат на Владата се подготвуваат предлози за доделување на статус од јавен интерес, што е во членот 81 во ставот 2 алинејата 1, така што подготвените предлози одат до Владата и ги дава Комисијата за организирање со статус од јавен интерес, врз основа на ваквите предлози Владата одлучува за доделувањето на ваквиот статус.

Исто така, треба да се напомене дека ваквото решение е неприменливо односно непрактично и од аспект на остварување на надзорот во спроведувањето на ваквиот статус, со оглед на тоа што во членот 85 од Предлогот на законот е предвидено организациите со статус на јавен карактер своите годишни финансиски извештаи ги доставуваат до Владата на усвојување. Ова значи дека согласно предвиденото решение Владата ќе го усвои секој поединечен финансиски извештај со статус на јавен карактер, по разгледување на истиот и во однос на мислење изготвено од Комисијата согласно членот 80 став 1, што претставува значаен обем на работа и ќе влијае врз ефикасноста на спроведување на процесот.

Освен овие напомени кои ги дадов, ќе се задржам и на надлежноста на Владата да доделува статус од јавен карактер на граѓанските организации, остава сериозна загриженост во поглед на независноста при одлучувањето за доделувањето на ваквиот статус. Имено, никаде на постои гаранција дека во ваквиот процес нема да бидат фаворизирани оние организации кои ќе бидат блиски и поддржувани од работата на Владата, односно нема да бидат ставени во понеповолна позиција организациите кои во текот на досегашното

нивно работење ја критикувале Владата од различни аспекти во нивното работење, вклучително и политиките кои ги водат државните институции. Од предложените решенија навистина произлегуваат сериозни дилеми и за целта која треба да се постигне преку воведувањето на статусот на јавен карактер во правниот систем. Она што навистина сакам да го потенцирам тука е дека организациите со статусот јавен карактер навистина треба да имаат даночни и царински олеснувања, со оглед на законот кој е даден, а сепак во членот 88 се предвидува дека покрај олеснувањата кои се наведени во членот 7 од овој закон, организациите со јавен статус ќе имаат и дополнителни царински олеснувања. Сметаме дека ваквите ограничувања во даночните и царинските олеснувања на самите организации кои ќе имаат статус од јавен карактер е чекор назад во поглед на веќе постоечката уреденост на правото на здружување во Република Македонија и не е соодветно на целта да се врши поттикнување на организациите да се занимаваат со дејности од јавен карактер. Ова особено од причина што се предвидуваат конкретни содржини на дополнителните олеснувања, што би ги мотивирало организациите да конкурираат за стекнување на ваков статус, е во иднина да се уреди со одредени даночни и царински материи.

Исто така, уште еден дестимулирачки услов е предвиден во членот 54 од Предлогот на законот, со кој се предвидува во случај на престанок на организацијата со статус на јавен карактер, средствата се пренесуваат на друга организација со статус на јавен карактер со иста или слична целна дејност, или на општината на чие подрачје е формирана организацијата, за што одлучува давателот на средствата, што значи дека организацијата со статус од јавен карактер нема да може да располага со сопствените средства во случај на престанок каков што е случајот во останатите организации.

Се надевам дека во второто читање по амандманската расправа голем дел од забелешките кои ги дадовме ние пратениците од опозицијата ќе бидат земени во предвид од страна на министерот за правда. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам и јас.

Има збор пратеничката Бендевска Весна, повелете.

Весна Бендевска: Благодарам претседателе.

Денес на оваа тема сум последен говорник, претпоставувам дека претходните говорници од прилика дадоа видувања од содржински апскет на понудениот нов закон за здруженија и фондации, меѓутоа, јас мислам дека треба многу чесно да започнеме со фактите и со вкупниот процес на донесување нова законска регулатива.

Факт број 1: Пред мене е колегата Александар Николовски и ќе го потсетам: дамната 2007 година кога невладините организации поднесоа иницијатива за промена на Законот за здруженија на граѓани и фондации од 2008 година, од оваа говорница добивме вакво ветување, почекајте, не брзајте, што туку не излегол владиниот нов Предлог на закон во кој конечно и ќе се уреди за прв пат институтот "организација од јавен интерес". Колегата Николовски се согласува, но од тоа ветување до денес поминаа три години и јас навистина чувствувам задоволство што конечно можеме да дебатираме за нов закон што го уредува она што во овој момент е неопходно, а тоа се вика граѓански дијалог.

Ајде многу чесно да констатираме дека во оваа земја, прво, нема политички дијалог. Откако ВМРО ДПМНЕ е на власт социјалниот дијалог е мртво слово на хартија, а граѓанскиот дијалог што мора да биде претпоставка на ова ново законско решение од почеток го сопнуваме со едно решение, што се вели Владата повторно ќе одлучува за статусот "организација од јавен интерес". Според мене, тоа е најсериозниот проблем во понуденото законско решение, бидејќи ќе ве потсетам, колегите повторно ме видоа дека во рака ја држам програмата "Преродба во 100 чекори", ама онаа првата, онаа сериозната, онаа со која ВМРО ДПМНЕ се врати на политичка сцена. Тука велите вака, почитувани колеги од ВМРО, само за да не заборавите: "медиумите и граѓанскиот сектор ќе ги третираме како генератор на промената и носител на демократските процеси". Токму така, нема демократски дијалог без политички дијалог, без социјален дијалог и без граѓански дијалог. Дали во Република Македонија во овој момент функционира сериозен граѓански дијалог? Јас велам не и доказ за тоа е токму Законот за спречување и заштита од дискриминација, во која граѓанскиот дијалог и активното учество на невладините организации доживеаа класично фијаско, што значи буквална манипулација и изигрување на еден долгогодишен процес во кој невладините организации имаа можност да креираат една законска регулатива со нивно активно партиципирање. И што се случи? Нивниот активитет влезе во Влада, а излезе рециклиран, комплетно маскиран.

Мојата поента е: Малку е господине Маневски да понудите законско решение. Тоа е збир на хартија, претпоставки за кои без постоење на сериозна политичка волја да ги спроведуваме, за да навистина претендираме демократизација на нашиот општествен простор, не значат ништо. Во овој момент, невладинте организации буквално се на тапет на она што значи нивна класична политизација.

Жалам што навистина нема сериозна желба за дебата на оваа тема. Мене не ми пречат вашите разговори, апсолутно можам да говорам, бидејќи тоа ми е задача, за тоа примам плата. Ама она што ќе излезе како продукт од овој закон, ќе произлезе спорно законско решение што вели ние имаме желба и намера да го оставиме граѓанскиот простор на оние што сакаат да го покријат а тоа се невладините организации. Верувајте, се она што не е покриено од законодавната, судската и извршната власт е еден огромен општествен простор во кој мора да дозволиме слобода на делување на невладините

организации. Имаме волја, го сакаме тоа? Ајде убедете ме дека тоа, по предлог на Влада, ќе изгледа вак: Владата ќе одлучува и ќе дава решение за организации од јавен интерес кои се многу битни, кои навистина заслужуваат и буџетска поддршка, бидејќи ќе бидат промотори, сериозни промотори на она што значи развој на граѓанско општество. Нели главен и врвен приоритет е Европска унија, која потенцира развој на граѓанско општество, каде што во центарот е граѓанинот, поединецот. Меѓутоа, претпоставувам ние се уште се колебаме меѓу индивидуалната и колективната свест и право.

Јас претпоставувам дека и колегите пред мене говореа за различни модели на концепти на тела што доделуваат јавен интерес и постојат различни. Во некои земји независни комисии, во некои земји државни тела во соработка со независни комисии, во некои земји судови, во некои дури и даночни институции се задолжени да го потпишуваат решението за добивање организација од јавен интерес. Ама само кај нас и во соседна Бугарија тоа значи Влада и тоа значи огромна дискрециона моќ и тоа значи повторно потпирање на партиски новоформирани невладини организации кои нанесуваат непоправлива штета.

Почитувани колеги Стратегијата за соработка за невладиниот сектор 2007-2012 година има можност уште неполни две години за реализација. До сега реализацијата е нула, ефектот минус нула, така што освен она што значи еве сега и во Македонија ќе имаме организации со јавен интерес навистина е замрачено со ваквата идеја на Владата повторно да форсира организации од типот на кои една колешка од ВМРО ДПМНЕ ќе се јавува како организатор на една невладина организација и таа ќе биде независна, ама ќе добие пари од буџет, без она што значи потреба да има решение дека некој проценил дека може да биде организација од јавен интерес.

Претпоставувам, како и моите колеги, дека ама најактуелна во овој момент е невладината организација Евроконцепт која има пари да плаќа по половина страна, прескапа страна, медиумски простор, која се занимава со одлуките на Уставниот суд, НВО Евроконцепт. Еве го членот 75.

Господине претставник на извршна власт, кога ќе има можност да донесува решение за јавен интерес, дали НВО Европконцепт ќе го добие овој статус. Значи дали е регистрирана согласно одредбите, претпоставувам, во Централен регистар дека има направено. Дејноста од јавен интерес е приоритетна дејност во нејзиното работење.

Бидејќи оваа организација веќе добила буџетски пари минатата година, главна дејност која ја пријавила, се вика прво вработување. Има ли врска првото вработување, како основна и генерална дејност на оваа невладина организација со ова што значи критика на работата на Уставниот суд. Нема. Треба ли некому да му објаснуваме за каква организација станува збор? За таква организација која прва излезе да го поддржи концептот "Скопје 2014" и на која модератор беше во работно време еден државен службеник вработен во Собранието на Република Македонија. Јас досега не видов од Генералниот секретар укор, бидејќи спротивно од одредбите на законот го напуштил работното место и водел партиска тркалезна маса.

Тоа не се случува и нема да се случува се додека носиме законски решенија во кои прва и почетна точка ќе ни биде можност да партиципираме.

Замислете, член 13, непартиско делување на организациите. И ако зад ваков член стои непартиско делување на невладини организации, потписник, како повереник на Влада е господинот Маневски и те како се сомневам во таквото законско решение, барем почетната намера да добиеме европски закон.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

За реплика е пријавен и има реплика господинот Александар Николоски, повелете.

Александар Николоски: Јас би се согласил со една работа што ја кажа колешката Бендевска, а тоа е дека кога разговаравме за една слична иницијатива, некаде во 2007 или 2008 година, јас тогаш побарав во рок од шест месеци Владата да достави нов закон за здружение на граѓани и фондации, имајќи предвид дека постојниот закон и во тој момент и сега веќе не ги остварува потребите кои се потребни заради изменетите услови на функционирање на здруженијата на граѓани. Зад тоа стојам и тоа е факт и добро е што го имаме законот.

По однос на дијалогот за здруженијата на граѓани, мислам дека нема подобра потврда дека има дијалог помеѓу здруженијата на граѓани и властите од овој закон. Имено Министерството за правда кога го работеше овој закон го работеше во консултација со двете најголеми фондации во Република Македонија, тоа е Фондацијата Институт отворено општество, инаку партиски портпарол на Социјал демократскиот сојуз на Македонија и Фондацијата Македонски центар за меѓународна соработка, како и неколку други релевантни институции. Голем дел од одредбите што се во овој закон се токму предлог на овие здруженија на граѓани и да ви кажам за мој вкус овој закон е и прелиберален, но тоа ќе овозможи да се создадат едни нови услови за работа кои ќе овозможат и малолетници да можат да регистрираат здруженија на граѓани, како и странци да можат да регистрираат здруженија на граѓани, или свои филијали во Македонија. Тоа и те како ќе го зголеми просторот за натпревар односно компетативност помеѓу самите здруженија на граѓани и ќе отвори едни нови перспективи во кои најмала функција и улога ќе има државата и владиното фондирање односно помагање заради тоа што владиното вондирање, вкупно на пример на здруженија на граѓани, отприлика е 5% од вкупниот годишен буџет што го има Фондацијата Сорос. Значи сите средства кои што ги дели Владата во текот на една година

се 5% од она што го има како годишен буџет Фондацијата Сорос. Така што тука не можеме да зборуваме за никакво владино влијание заради тоа што бројките кажуваат се.

Понатаму, организациите од јавен интерес, прв пат воведуваме ваква новина во нашиот систем, не е непознато Владата да го прави тоа, во најголем број од земјите Владата го прави тоа и се поставува логичното прашање, ако Владата односно државата ослободува дел од своите ингеренции и ги префрла надлежностите на здруженија на граѓани, кој друг ако не Владата треба да определи кои се здруженија на граѓани од јавен интерес. Не може Министерството за труд и социјална политика да ги даде определен број на градинки да ги раководат здруженија на граѓани, а да не може соодветно да ги набљудуваат тие здруженија на граѓани кои ќе го прават тоа. Благодарам.

Трајко Вељаноски: Благодарам и јас.

Контра реплика има пратеникот Весна Бендевска, повелете.

Весна Бендевска: Колега Николоски, со вашата последна констатација, иако забележував и мислев навистина сериозен аргумент да ви се спротивставам, вие навистина со вашата реплика се класично рекламно пано на кое пишува политизација и паратизација на невладиниот сектор со директен притисок што доаѓа од Илинденска бб. Токму ви сте демантирани од последниот свеж пример како невладините организации креираат закон, а како кога ќе излезе тој закон пред Влада, буквално содржи сосема спротивни елементи. Доколку бевте на трибината на која учествуваа невладините организации за да го критикуваат конечниот изглед на Предлог законот, морам да ви кажам дека дефинираат точно осум уназадувања на претпоставките за работа на невладините организации, што го имаше веќе во постојниот закон.

Трајко Вељаноски: Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и Законодавно-правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Предлогот на законот за здруженија на граѓани и фондации е прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Имаме проблем со системот за гласање и ќе го повториме гласањето.

Давам пет минути пауза за да се рестартира системот.

Го повторуваме гласањето.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, од нив за предложениот заклучок гласаа 67, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точка 19 - Предлог на закон за инспекциски надзор-прво читање

Предлогот на законот и извештајот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и Комисијата за европски прашања како заинтересирано работно тело, ви се доставени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат за општата расправа да се пријават за збор.

За збор се пријавија повеќе пратеници.

Има збор министерот за правда, господинот Михајло Маневски, повелете.

Михајло Маневски: Благодарам.

За прв пат во Република Македонија се носи закон за инспекциски надзор. Досега прашањата беа уредени во различни закони од различни области. Сега со законот практично се уредуваат основните начела на инспекцискиот надзор, организацијата на инспекциските служби, координирање на активностите, правата и должностите на инспекторите, правата и должностите на субјектите кај кои се врши надзорот, постапката за вршење на инспекциски надзор и преземените инспекциски мерки во рамките на овластувањата од законот.

Во законот за прв пат се определува значењето на изразите, инспекциските служби, инспекциски надзор, инспекциска постапка, инспекциски акти, инспектор, што се субјекти на надзорот и инспекциски мерки. Меѓутоа, сакам да го свртам вашето внимание на 12 основни начела што ги содржи Предлог законот за инспекциски надзор и тоа се: начелото на заштита на јавниот интерес; начелото на еднаквост; непристрасност и објективност; начелото на материјалната вистина и посебно ќе се задржам само на две начела, начелото на пропорционалност и начелото на превенција.

Начелото на пропорционалност значи дека инспекторот е овластен да ги преземе само оние мерки и средства, со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при вршењето на инспекцискиот надзор.

Еве само еден пример. Ако во еден откупен пункт на праски, во сезона, трудовиот инспектор најде 2-3 непријавени работници, тоа не значи дека треба да го затвори објектот и да се